# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Борис Кидрич 8 2326 Пехчево Република Македонија
Тел/факс ++389 033 44 13 21 + +389 033 44 1 322
e-mail: opstina_pehcevo@t-home.mk
**www.pehcevo.gov.mk**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 и став 3, член 48 и член 52 став 4 од Законот за административни службеници ( Службен весник на Република Македонија број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 142/16) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведувањена административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас ( Службен весник на Република Македонија број 11/15), Општина Пехчево објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2017**

За унапредување на еден (1) административен службеник во Општина Пехчево за следното работно место:

1) Шифра УПР01001В03000 – Соработник за планирање на локален економски развој во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР при Општина Пехчево – **еден ( 1) извршител**

Посебни услови за работното место се:

- Ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Правни науки, Политички науки или Организациони науки, управување ( менаџмент);
- За ниво В03 – со најмалку една година работно искуство во струката;

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Пехчево, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветнотоо ниво во Законот за административни службеници и актот за систематизација, како и:

- Да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување;
- Да е на работно место кое согласно актот за системтизација е на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- Да поминал најмалку една година на тековното работно место и

- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Општи работни компетенции се:
- Решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- Учење и развој
- Комуникација
- Остварување резултати
- Работење со други / тимска работа
- Стратешка свест
- Ориентираност кон странките / засегнати страни и
- Финансиско управување

Посебни работни компетенции се:
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија ( англиски, француски, германски) преку поседување на на меѓународно признат сертификат издаден од офицјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕРФ (CERF), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или АПТИС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 4000 бода, ТОЕФИЛЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФИЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Распоред на работното време:
- Работни денови од понеделник – петок
- Работни часови неделно – 40
- Работно време од 08:30 часот до 16:30 часот

Паричен нето износ на плата: 22.695 денари

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето во Архива на Општина Пехчево на ул. „Равен“ бр. 8, 2326 Пехчево. Пријавата, освен во хартиена форма, може да биде испратена и електронски на офицјалната е- маил адреса на Општина Пехчево opstina_pehcevo@t.mk

Рокот на пријавување изнесува пет ( 5 ) денови, сметано од денот на објавувањето на огласот на интернет страната на Општина Пехчево.

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата.

Кон пријавата, кандидатите можат да ги приложат и следните докази во скенирана форма:
- Потврди за успешно реализирани обуки и/ или
- Потврди за успешно реализирано менторство ( како менто или менториран административен службеник)

По истекот на рокот за пријавување, огласот ќе биде отстранет од интернет страната на Општина Пехчево.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Пријавените кандидати на интерниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за унапредување на административен службеник и тоа:

Фаза 1 – Административна селекција, и

Фаза 2 – Интервју.

**НАПОМЕНА:**

Лицата кои дале лажни податоци се запишуваат во Регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор.

Истите не можат да се вработат во јавен сектор во период од десет години од денот на утврдувањето дека доказот е лажен.

,

Општина Пехчево
Градоначалник
Игор Поповски
_______________